ЈУ Центар за социјална работа Валандово , постапувајќи согласно член 21, а во врска со член 20-г став 1 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014 ,199/2014, 27/16) , член 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 130/09, 120/11, 10/12, 11/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 34/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 ) член 197,211 и 212 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/19, 146/19, 275/19,302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23), Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр. 01-227 од 24.06.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр.01-308/1 од 07.08.2019 и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Центар за социјална работа Валандово бр.02-131/3 од 16.08.2022 година објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2025
## за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време

ЈУ Центар за социјална работа –Валандово има потреба од вработување на неопределено време на 1**(еден) извршител .**

Сите заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните **општи услови** утврдени со Правилникот за систематизација на работни места во ЈУ Центар за социјална работа Валандово:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**1. Самостоен Стручен службеник од четврто ниво- Водител на случај во Служба за права на парична помош при ЈУ Центар за социјална работа - Валандово-СО30303А04020-1(еден извршител)**

Кандидатите покрај општите, треба да ги исполнуваат и **посебните услови** утврдени со Правилникот за систематизација на работни места во ЈУ Центар за социјална работа Валандово:

**- 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степени - Социјална работа и социјална политика**

**-најмалку две години работно искуство,**

**- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење**

Потребни општи работни компетенции се :

- Учење и развој;
- Комуникација;

- Остварување резултати;
- Работење со други / тимска работа;
- Ориентираност кон странките / засегнати страни и Финансиско управување

Заинтересираните кандидати треба да достават **Пријава** своерачно потпишана со прилог потребна документација, во оригинал или фотокопија заверена кај нотар :

- Кратка биографија
- Писмо за мотивација
- Диплома (Уверение) за завршен степен на образование кое се бара за работното место
- Уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење професија , дејност или должност
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работно место
- Уверение за државјанство.
- Потврда за 2 години работно искуство.
- Сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

- Месечен износ на нето плата: **34.412**,**00** денари
- Неделно работно време: од Понеделник до Петок
- Работни часови во неделата:40 часа, работно време :флексибилно со почеток од 7:30 до 08:30 и завршеток од 15: 30 до 16:30 часот.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, по конечноста на одлуката за избор.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува **3 работни дена сметано од наредниот ден на објавување на огласот**. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на ЈУ Центар за социјална работа Валандово или по пошта на следнава адреса:

ул.,,Никола Карев,, 24 Валандово
( со назнака за оглас бр. 1/2025 )
Лице за контакт: ВД Директор Данче Коцевска
Контакт тел: 078/456-061

Ненавремените, нецелосните и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

ЈУ Центар за социјална работа Валандово
ВД Директор
Данче Коцевска